**ПРИЛОГ I**

**Категоризација на автокампови ( 1* - 4* )**

| Ред. бр. | Назив | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| **I.** | **УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА** | | | | |
| | **1. Приод и сообраќајна поврзаност** | | | | |
| | 1.1. Патна поврзаност со регио-нални и магистрални сообраќајници | x | x | x | x |
| | 1.2. Нормален приод за возила и пешаци, така изведен како би се избегнале сообраќајни несреќи при влегувањето и излегувањето на возилата | x | x | x | x |
| | 1.3. Камповите со капацитет за повеќе од 300 гости мора да имаат уреден простор за чекање, со нето површина од најмалку 200 $м^2$ | x | x | x | x |
| | **2. Влез во кампот, прием и заминување на гостите** | | | | |
| | 2.1. Кампот може да има само еден главен влез | x | x | x | x |
| | 2.2. На влезот во кампот мора да има рампа, која се дига и спушта | x | x | x | x |
| | 2.3. На влезот во кампот мора видливо да биде истакнат називот и категоријата на кампот. Натписот мора да биде добро видлив, премачкан со светликав материјал и ноќе да биде осветлен. | x | x | x | x |
| | 2.4. Влезот во кампот ноќе мора да биде осветлен. | **x** | **x** | **x** | **x** |
| | 2.5. Камповите со капацитет за повеќе од 300 гости, на влезот мора да имаат доволно голем, уочлив, прегледен и ноќе осветлен ориентационен план со нацртани комуникации (за возила и пешаци), размес-теност и ознака на објектите, како и со броеви означени камп единици. | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.5.1. Осветлен ориентационен план на кампот со обележени слободни места. | | | | x |
| | 2.6. Во непосредна близина на влезот кампот мора да има: | | | | |
| | 2.6.1. Просторија за прием и заминување на гостите | x | x | | |
| | 2.6.2. Рецепција со простор за чекање, опрема со гарнитура за седење (масичка со две полуфотељи или фотељи), пепелник, корпа за отпадоци. | | | x | x |
| | 2.6.3. Служба за информации. | | | x | x |
| | 2.6.4. Поштенско сандаче за писма и разгледници | x | x | x | x |
| | 2.6.5.<br>- Инсталиран телефон во затворена или звучно изолирана кабина,<br>- освен во случаи кога нема можност за телефонска линија, да се даде услуга за користење на мобилен телефон. | <br><br><br><br>x | <br><br><br><br>x | <br>x | <br>x |
| | **3. Терен, уреденост на просторот во кампот** | | | | |
| | 3.1. Теренот за кампирање да биде што е можно порамен, дол-ните слоеви да овозможуваат брзо истекување на водата после дожд. | x | x | | |
| | 3.2. Хоризонталните површини по-криени со трева, долните слоеви да овозможуваат брзо истекување на водата после дожд. | | | x | x |
| | 3.3. Природна или вештачка ограда околу целиот камп, која ќе спречува неконтролирано влегување во кампот. | x | x | x | x |
| | 3.4. Кампот да биде природно добро озеленет со високи дрвја или хортикултурно добро уреден, кои ќе даваат пријатна ладовина и амбиент. | | | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.5. Интерни комуникации кои овозможуваат приод на возила и пешаци до просторот за кампирање и до камп-единиците | x | x | x | x |
| | 3.6. Еднонасочни улици за возила внатре во кампот, со најмала широчина од 2,5 м со доволен простор за разминување на возилата | x | x | x | x |
| | 3.7. Горниот слој на улиците за вопзила да биде така изведен да спречува создавање прашина и кал и да овозможува чистење. | x | x | | |
| | 3.8. Горниот слој на улиците за возила да бидат асфалтирани. | | | x | x |
| | 3.9. Сообраќајни знаци за одбележани насоки и ограничување на брзината на движење на колите. | | | x | x |
| | **4. Простор за кампирање** | | | | |
| | 4.1. Во кампот се издава простор за кампирање или камп единица, кој служи за поставување на опремата за кампирање (шатор, камп-приколка, маса, столови, лежалки и др.), како и за сместување на возилото, ако не е обебедено посебно паркиралиште. | x | x | x | x |
| | 4.2. Подготвен и уреден простор за кампирање, исчистен од камења, корења и друг материјал, кој пречи за негово нормално користење. | x | x | x | x |
| | 4.3. Минималната површина на просторот за кампирање по еден гостин (кампер) да изнесува: | 15 $м^2$ | 17 $м^2$ | 20 $м^2$ | 25 $м^2$ |
| | 4.4. Минималната површина на камп единицата да изнесува: | 60 $м^2$ | 80 $м^2$ | 100 $м^2$ | 130 $м^2$ |
| | 4.5. Секоја камп единица да е обележена и означена со број кој одговара на бројот на ориентациониот план. | x | x | x | x |
| | 4.6. Сите камп единици да бидат заградени со зеленило. | | | | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.7. Процентот на просторот за кампирање, односно камп единиците, кои треба да имаат можност за приклучување на електрична енергија, да изнесува: | 50% | 50% | 80% | 100% |
| | **5. Снабдување со вода** | | | | |
| | 5.1. Приклучок на јавен водовод или на друг начин постојано обезбедена доволна количина на хигиенски исправна вода за пиење, перење и одржување на хигиената. | x | x | x | x |
| | 5.2. Минималната количина на вода по еден гостин (кампер):(литри на ден) | 100 л/ден | 100 л/ден | 120 л/ден | 150 л/ден |
| | 5.3. По една славина на секои 25 гости рамномерно распоредени по целиот камп | | | x | x |
| | 5.4. Беспрекорен проток на вода на сите изливни места. | x | x | x | x |
| | **6. Хигиена – ред и чистота** | | | | |
| | 6.1. Беспрекорно отстранување на фекалните материи и отпадните води. | x | x | x | x |
| | 6.2. Собирање и одвод на течните отпадни материи преку затворен канал до уредите за собирање и конечно испуштање во теренот или природните текови. | x | x | x | x |
| | 6.3. Испуштањето на отпадните води да биде така уредено да се исклучи можноста од механичко или бактериолошко загадување. | x | x | x | x |
| | 6.4. Садови или уреди за празнење на хемиските ВЦ-иња. | x | x | x | x |
| | 6.4.1. Еден на (број) приколки | 100 | 100 | 50 | 50 |
| | 6.5. Садови за отпадоци со капак, доволно цврсти, рационално распоредени и дискретно поставени во кампот, со најмала зафатнина од 4 $дм^3$ дневно по гостин. | x | x | x | x |
| | **7. Заштита во кампот** | | | | |
| | 7.1. Постојано да има на располагање средства за давање прва помош (завои, лекови и друго). | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 7.2. Камповите покрај водени површини треба да имаат уреди и опрема за спасување и видливо истакнати упатства за давање помош на давеници. | x | x | x | x |
| | 7.3. Доволен број апарати за гаснење пожар, со упатство за употреба на најмалку два јазика, рационално распоредени во кампот, поставени на лесно видливи и достапни места. | x | x | x | x |
| | **8. Снабдување со електрична енергија** | | | | |
| | 8.1. Кампот мора да биде приклучен на јавна електрична мрежа или на друг начин (сопствен агрегат и друго) да се обезбеди доволна количина електрична енергија за нормално функционирање на инсталациите и апаратите во кампот. | x | x | x | x |
| | 8.2. Сите простории во цврстите објекти, кои гостите заеднички ги користат (влез, рецепција, санитарни јазли и друго) мора да имаат електрично осветлување. | x | x | x | x |
| | 8.3. Ниско поставени ориентациони светилки на сите главни сообраќајници за возила и патеките кон санитарните јазли во кампот. | x | x | x | x |
| | 8.4. Санитарните јазли ноќе да бидат осветлени. | x | x | x | x |
| | **9. Санитарии**[1)] | | | | |
| | 9.1. Мијалници | x | x | x | x |
| | 9.1.1. По еден мијалник на секои (број) гости од ист пол. | 20 | 20 | 20 | 10 |
| | 9.1.2. Огледало покрај мијалникот, полица за тоалетен прибор и четка за чистење | | x | x | x |
| | 9.1.3. Славина со топла и студена вода | | x | x | x |
| | 9.1.4. Оддалеченоста на просторот за кампирање, односно камп едини-цата, од мијалникот може да изнесува најмногу (--) метри. | | 200 м | 150 м | 100 м |

1) Не се однесува на гостите кои користат цврсти објекти во кампот, а кои имаат сопствени санитари.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 9.1.5. Растојанието помеѓу мијалниците да изнесува најмалку 90 см, мијалниците да бидат одделени со прегради, подот и ѕидовите до височина 1,6 м да бидат обложени со рамни плочи или друг материјал кој лесно се чисти.<br>- мијалниците да бидат одделени со преграда. | | x | x | x |
| | 9.1.6. Најмалку еден шуко приклучок за електрични апарати покрај мијалникот, со ознака за напонот на струјата, на секои: | 50 гости | 50 гости | 40 гости | 30 гости |
| | 9.1.7. Растојанието меѓу приклучоците да изнесува најмалку: | 75 см | 75 см | 75 см | 75 см |
| | 9.2. Тушеви | | | | |
| | 9.2.1. Најмалку една затворена туш кабина на секои: | 50 гости | 40 гости | 30 гости | 20 гости |
| | 9.2.2. Постојано на располагање студена вода | x | x | x | x |
| | 9.2.3. Туш кабините да имаат топла вода најмалку | 50% | 50% | 80% | 100% |
| | 9.2.4. Одделни туш кабини за мажи и за жени | x | x | x | x |
| | 9.2.5. Подот и ѕидовите до височина од (–) м да се обложени со плочки | 1,6 м | 1.6 м | 1,8 м | 2 м |
| | 9.2.6. Вратата од туш кабината да се заклучува или да има резе од внатрешната страна | X | x | x | x |
| | 9.2.7. Претпростор или посебна кабина за пресоблекување пред туш кабината, опремен со клупа за седење, огледало, полица за оставање и закачалка (за облека и крпи). | | | x | x |
| | 9.3. ВЦ-иња | | | | |
| | 9.3.1. Просториите и просториte во кои се сместени ВЦ-ињата да се доволно пространи со можност за ефикасно природно проветрување во затворени или покриени објек-ти, ноќе да бидат осветлени. Подовите и ѕидовите да се обележани со плочки или друг материјал кој лесно се чисти. | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 9.3.2.Одделни ВЦ-иња за мажи и за жени | x | x | x | x |
| | 9.3.3. Едно ВЦ за мажи на секои (--) гости | 30 | 30 | 20 | 15 |
| | 9.3.4. Едно ВЦ за жени на секои (--) гости | 20 | 20 | 15 | 10 |
| | 9.3.5. Најмногу 25% од ВЦ-ињата за мажи може да се заменат со двоен број на писоари | x | x | x | x |
| | 9.3.6. Писоарите сместени во ист простор со ВЦ-ињата за мажи или во одвоен простор заштитени од погледи од надвор | x | x | x | x |
| | 9.3.7. Сите ВЦ-иња да имаат вода за промивање | x | x | x | x |
| | 9.3.8. Задолжително школка за ВЦ со штица за седење која лесно се чисти | | x | x | x |
| | 9.3.9. Вратата на кабината од ВЦ-то да може да се заклучува од внатрешната страна. | x | x | x | x |
| | 9.4. Мијалници за нозе | | | | |
| | 9.4.1. Корито за миење нозе со топла и студена вода во затворен или покриен простор, најмалку по едно во секоја група на кабини за туширање. | | | x | x |
| | - славина со студена вода за миење нозе поставена на височина најмалку 50см од подот - најмалку една | x | x | | |
| | **10. Услуги на храна и пијалаци** | | | | |
| | 10.1. Во кампови со капацитет за повеќе од 150 гости да е обезбедено давање услуги на храна и пијалаци, ако на оддалеченост најмногу до 200 метри од кампот нема угостителски објект во кој се даваат тие услуги. | x | x | x | x |
| | 10.2. Објектите во кои се даваат услуги на храна и пијалаци, мора да ги исполнуваат условите пропишани за тој вид и категорија на објектот. | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **11. Трговија, снабдување со прехранбени продукти и други потреби** | | | | |
| | 11.1. Во кампот да има продавници за продажба на прехранбени продукти (леб, млеко и млечни производи, месо и месни производи и друго), пијалаци (пиво, вино, минерална вода и др.), дневни потреби (весници, поштенски марки и разгледници, автокарти и водичи, тутунски производи, средства за лична хигиена, перење и чистење, средства за заштита од сонце и др.). | | | x | x |
| | 11.2. Обезбедено снабдување (мож-ност за купување) на прехрамбени продукти и дневни потреби во кампот или неговата непосредна близина (во пречник до најмногу 200 м) | | x | x | |
| | **12. Простор за приготвување и конзумирање на храна** | | | | |
| | 12.1. Уреден и опремен покриен простор за приготвување и конзумирање на храна | | x | x | x |
| | 12.2. Уредено место[2)] (грил, скара, огниште и слично) за приготвување на храна. | x | x | x | x |
| | 12.3. Едно електрично или плинско решо со постојано обезбедена енергија за готвење за секои (--) гости | | 75 | 50 | 30 |
| | 12.4. Кујнски маси со рамна површина од материјал кој не рѓосува и со меѓусебно одвоени прегради. | | | x | x |
| | 12.5. Можност за полнење на плински шишиња. | | | | x |
| | 12.6. Сад за отпадоци | | x | x | x |
| | **13. Апарати за ладење – фрижидери касети** | | | | |
| | 13.1. Фрижидери со прегради или комори за ладење, во кои гостите со надоместок можат да чуваат прехранбени продукти и пијалаци, со најмала зафатнина од 15 $дм^3$ на 100 гости | x | x | x | x |

2) Места на кои се пали оган мора да бидат така уредени како би се избегнала опасноста од пожар.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **14. Услови за гостите** | | | | |
| | 14.1. Перење и пеглање на долна облека и алишта | | x | x | x |
| | 14.1.1. Покриен простор за перење алишта | | x | x | x |
| | 14.1.2. Корито за перење алишта со материјал кој не рѓосува со топла и студена вода, покрај коритото да има маса.<br>- корито за перење алишта со топла и студена вода најмалку едно на 50 гости.<br>- Едно корито за перење алишта на 75 гости | | x | x | x |
| | 14.1.3. Маси за пеглање и пегли на располагање на гостите | | | x | x |
| | 14.2. Миење на посатки | | | | |
| | 14.2.1. Садови за миење на посатки со топла и студена вода, еден на секои:<br>- садови за миење на посатки еден на секои (--) гости | x | x | 50 гости | 25 гости |
| | 14.3. Миење на автомобили | | | | |
| | 14.3.1. Бетониран простор[3)] за миење на автомобили со протечна вода, славина со приклучно црево со должина од најмалку 8 м и канал за одвод на водата | | | x | x |
| | 14.4. Детска градинка со органи-зирано чување на деца, обезбедена можност за загревање | | | | x |
| | **УСЛУГИ** | | | | |
| | **1. Чуварска служба, прием и испраќање на гостите, менувачница и услуги со телефон** | | | | |
| | 1.1. Обезбедена постојана контрола на влегување на влезот во кампот | x | x | x | X |
| | 1.2. Обезбедена ноќна и дневна чуварска служба во кампот | x | x | x | x |

3) Димензиите на просторот треба да изнесуваат најмалку 4 x 6 м.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.3. Рецепција – прием и испраќање на гостите, службата за информации, прием и доставување на пошта работи 24 часа дневно | 12/24 | 12/24 | 18/24 | 24 |
| | 1.4. Услуги со телефон можни (--) часа во текот на 24 часа видливо истакнато соопштение за работното време. | 12 | 12 | 16 | 24 |
| | 1.5. Интернет приклучок на располагање во рецепцијата или во другите заеднички просторија | | | x | x |
| | **2. Простори за кампирање** | | | | |
| | 2.1. Чистење и уредување на просторот за кампирање и камп единиците после секоја смена на гостите. | x | x | x | x |
| | 2.2. Редовно чистење и примерно одржување на просторот за паркирање и комуникациите во кампот | x | x | x | x |
| | 2.3. Редовно празнење или замена на садовите за отпадоци, најмалку еднаш дневно | x | x | x | x |
| | 2.4. Редовно собирање и изнесување на отпадоците и другиот смет, на за тоа определено место надвор од кампот | x | x | x | x |
| | **3. Заштита на гостите во кампот** | | | | |
| | 3.1. Постојан надзор и брзо известување на надлежните органи за појава на заразни болести во кампот. | x | x | x | x |
| II. | 3.2. А,булантска служба во кампот во текот на 18 часа од 24 часа, обезбедено доаѓање на лекар во определено време и соопштение за времето на ординирање.<br>- Најмалку едно лице кое работи во кампот да биде оспособено за давање на прва помош, да има медицинска сестра на служба во текот на 12 часа од 24 часа и соопштение за работното време.<br>- Најмалку едно лице кое работи во кампот да биде оспособено за давање на прва помош, во камповите со капацитет за повеќе од 100 гости | | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **4. Одржување на инсталациите и апаратите** | | | | |
| | 4.1. Обезбедено одржување на инсталациите и апаратите во кампот за нивно нормално функционирање | x | x | x | x |
| | 4.2. Најмалку едно лице стручно да биде оспособено за користење на електричните инсталации и изведување на приклучоци за струја и контрола на тие приклучоци. | | x | x | x |
| | **5. Одржување на санитарните простори и апарати** | | | | |
| | 5.1. Редовно чистење и дезинфек-ција на санитарните простори и апарати. | x | x | x | x |
| | 5.2. Најмалку едно лице да биде постојано задолжено за санитарните простории. | x | x | x | x |
| | **6. Знаење на странски јазици и изглед на персоналот** | x | x | x | x |
| | 6.1.<br>- Раководителот на кампот добро да знае странски јазик,<br>- персоналот кој работи на прием и испраќање на гостите со добро знаење странски јазици,<br>- персоналот кој работи во менувачница со добро знаење странски јазици. | | Еден странски јазик<br>x<br>x | Еден странски јазик<br>x<br>x<br>x | Два странски јазици<br>x<br>x<br>x |
| | 6.2. Персоналот кој работи во кампот, освен раководителот (директорот) на кампот, за време додека е на работа да биде облечен во работна облека (работна униформа) | | | x | x |
| | **7. Услуги во трговија** | | | | |
| | 7.1. Продавниците во кампот можат да работат најмалку (--) часа од 24 часа на видливо истакнато соопштение за ра бот-ното време. | | 12/24 | 12/24 | 16/24 |
| | **8. Услови за гостите и анимирање и забава** | | | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **9. Можност за чување на скапо-цености на гостите во рамките на рецепцијата** | | | | x |
| | **10. Прифаќање на платежни и кредитни картички.** | | | x | x |
| | **11. Банкомат** | | | | x |